# ПЛАНИРАЊЕТО И СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРВИОТ И ВТОРИОТ ПАКЕТ ЕКОНОМСКИ МЕРКИ БЕА ПОВЕЌЕ ЗБУНУВАЧКИ И ЗАТСКРИЕНИ ОТКОЛКУ “НАВРЕМЕНИ И СЕРИОЗНИ”, А ПАК ТРЕТИОТ ПАКЕТ СЕНЗАЦИОНАЛЕН



## ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ПЛАНИРАЊЕТО И СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЕКОНОМСКИТЕ МЕРКИ = 0

Пандемијата предизвикана од COVID–19 вирусот создаде досега невидени предизвици со изразени социо-економски последици[1]. Сегашната економска криза во која се наоѓа Република Северна Македонија (РСМ) и светот е прва криза од вакви размери и прва која е предизвикана од здравствени причини. Создадената економска криза најголемо влијание имаше врз малите и средни бизниси, особено оние кои се занимаваат со занаетчиство, трговија, туризам, угостителство, итн. Кризата особено влијаеше врз фирми основани и водени од едно лице, а особено врз оние управувани од жени (53% од лицата кои се стекнале со статус на невработени во април, 2020 година се жени), како и врз лица кои работат неформални бизниси, се корисници на социјални бенефиции, итн.
Па оттука, потребно беше/е да сите земји направат напори за стимулирање на домашната економија и помош на погодените од кризата, кои ќе овозможат градење на економскиот раст во иднина. Односно, од започнувањето на пандемијата па досега, сите држави беа поставени пред предизвик да креираат координирани сеопфатни краткорочни, среднорочни и долгорочни стратегии за поддршка на економската активност и создавање на пат кон економско закрепнување.

**Владата на РСМ во два наврати[2] донесе пакети на економски мерки чиј износ не е познат, а пак третиот пакет мерки во вредност од 355 милиони евра е донесен на 17 мај, 2020 година, но се уште не е операционализиран.** Првиот и вториот пакет на економски мерки опфаќаат повеќе видови на помош, почнувајќи од помош и поддршка на компании за исплата на плати или придонеси на вработени, директна парична помош на лица кои останале без работа, бескаматни и евтини кредити за компании, помош на лица примати на социјална помош, па се до намалување на плати на функционери, намалување на авторски хонорари кои се исплаќаат од буџетот, итн.[3] **Третиот пакет мерки пак, претставува микс на мерки за поддршка на компаниите, “вбризгување на пари во домаќинствата”[4] и забава за граѓаните кои пак средства на крајот од синџирот повторно ќе ги добие државата.**

Како и да е, **и покрај широките консултации за кои зборуваше Владата[5], за првиот и вториот пакет мерки, во стручната јавноста се водат низа на**

---

[1] Совет на Европа, Report on the comprehensive economic policy response to the COVID-19 pandemic: https://www.consilium.europa.eu/en/press/press-releases/2020/04/09/report-on-the-comprehensive-economic-policy-response-to-the-covid-19-pandemic/
[2] Првиот пакет мерки беше донесе на 23 седница на Влада од 19 март 2020 година, а пак вториот на 32 седница на Влада од 31 март 2020 година
[3] Листата на економските мерки се достапни на следниот линк: https://vlada.mk/ekonomski-merki-covid19
[4] Интервју на Мила Царовска за Слободен печат од 18 мај 2020: https://www.slobodenpecat.mk/czarovska-prvite-dva-paketa-davaat-odlichni-efekti-izbori-shto-poskoro-za-vlada-so-politichki-mandat/
[5] Линк до соопштение на Владата на РСМ: https://vlada.mk/node/20813 и https://vlada.mk/node/21424

**дебати за оправданоста и ефикасноста на донесените економски мерки**, а пак помеѓу граѓаните се зборува за потешкотии во пристап до мерките и несоодветноста на обезбедената помош.

*“Зошто бараат куп документација за достава. Треба секој да оди со лична карта, а за другите документи да се грижи социјално за да не се прави гужва до километри” изјава на граѓанин*

*“Не ни помогнаа, бидејќи не ни ги ни дадоа со образложение немање доволно средства за транспортна фирма” изјава на граѓанин*

А пак за третиот пакет мерки, според Владата се водела широка дебата, но во јавноста се зборува за политичката позадина на овој сет на мерки. **Како и да е, широките консултации и дебати јавноста не ги виде.**

**Ефектите од економските мерки за стимулирање на економската активност на компаниите, создавање на пат кон одржлив економски раст и развој и спречување на граѓаните да влезат во екстремна сиромаштија, според Владата се задоволувачки и очекувани, според министерката за финансии се транспарентни и отчетни[6], а пак јавноста се труди да дојде до информации за тоа дали и колку некоја компанија или пак граѓанин реално ги искористил придобивките од мерките и колкав бенефит реално почувствувал.** Заради недостатокот на информации, се повеќе се зборува за можност за злоупотреба, дали некаква злоупотреба веќе постои и како и колку реално државата им има помогнато на компаниите и граѓаните.

За да се спроведат економските мерки и да се покрие големиот буџетски дефицит (поголемите трошоци во буџетот од приливите), а заради немањето на доволно приходи во буџетот на државата, Владата на РСМ започна со користење на лесно достапните средства на финансискиот пазар, односно започна со склучување на договори за кредитни аранжмани претежно со меѓународни финансиски институции. Нешто што Владата го превзема во рамки на своите граници, а е во насока на обезбедување на средства, е поттикнување на граѓаните да се откажат од своите побарувања за ДДВ, а пак компаниите предвремено да го платат данокот на добивка. **Она што е важно за спроведувањето на економските мерки тоа што во најголема мера се спроведуваат со средства обезбедени на кредит кои граѓаните во иднина треба да ги враќаат на кредиторите. Воедно, финансиската помош која граѓаните и компаниите ја добиваат со поголемиот дел од мерките во иднина треба да ја вратат на државата.** Во периодот од март до мај, 2020 година, 8.700 граѓани солидарно се

[6] Обраќање на министерката за финансии, Нина Ангеловска од 04 мај 2020 година, https://finance.gov.mk/mk/node/8726

откажат од своите побарувања за ДДВ и на Владата и ослободија 154.958 евра[7]. Владата скрати и пренамени средства од буџетите на јавните институции во износ од 106 милиони евра. Неколку компании авансно го уплатија данокот на добивка (Халк Банка во износ од 1.2 милиони евра, Комерцијална банка во износ од 1.9 милиони евра, Битолска млекара во износ од 244 илјади евра и ИГМ трејд Во истиот период, за справување со кризата и спроведување на економските мерки Владата се задолжи[8] кај Европската банка за обнова и развој (250.000.000 евра), Меѓународниот монетарен фонд (176.000.000 евра), Светска банка (140.000.000 евра), Европска Унија (160.000.000 евра), и ќе се задолжи преку специјалниот инструмент на заем до обврзница (400.000.000 евра). Па оттука, **важно е во иднина Владата да води сметка дека *повратените средства ќе се искористуваат за отплатување на долговите и нема да се користат за други буџетски трошења, со што ќе се намали дополнителниот товар врз граѓаните за повторно ќе ги враќаат овие средства во иднина*.**

Оваа анализа има за цел да даде сублимиран приказ на донесените економски мерки, начинот на нивно спроведување, степенот на нивно искористување, како и да даде приказ на степенот на транспарентност на јавните институции (оние кои се задолжени за нивно обезбедување) во споделување на информации за опфатот и потрошените средства со јавноста. Дополнително, анализата дава приказ на сите донесени економски мерки со првиот и вториот пакет, а пак спроведувањето подетално ги обработува на оние кои се обезбедуваат директно од јавните институции и за чие обезбедување се трошат буџетски средства (пример: помош на работодавачите за исплата на плата во износ од 14.500 денари за месец април и мај). Па оттука, заради фактот што првиот сет на економски мерки, од Владата на РСМ, беше донесен на 19 март 2020 година оваа анализа се фокусира на период од нивното донесување па се до 10 мај, 2020 година.

Наодите презентирани во оваа анализа се базираат на обработка на податоци и информации обезбедени од различни извори, а најголем дел се информации содржани во медиумски текстови, изјавите за медиуми на првите луѓе од институциите одговорни за спроведување на економските мерки, и записниците од седници на Владата на РСМ како единствени извори на делумни информации за спроведувањето на мерките. Дополнително, многу мал дел од информациите се превземени од интернет страниците на одговорните институции. Заради непостоењето на јавно достапни информации за направените буџетски издатоци за обезбедувањето на економските мерки, за оние економски мерки каде се познати бројот на корисници, направивме самостојна проценка на вредноста на обезбедена помош.

---

[7] Повеќе информации на https://bankarstvo.mk/8-700-хумани-корисници-на-апликацијата-м/.
[8] Обраќање на министерката за финансии, Нина Ангеловска од 04 мај 2020 година, https://finance.gov.mk/mk/node/8726

**Нивото на реализација на сетот економските мерки, особено од аспект на износот на потрошени средства, не може да се утврди од информациите кои се јавно достапни. Најпрво за повеќе од 60% од усвоените економски мерки нема никакви информации за планираниот опфат на граѓани/компании, а пак за повеќе од 70% нема информации за реализираниот опфат и потрошените средства.**

Делумни информации има за следните економски мерки:

- **помош од 14.500 денари месечно за плата по вработен.** Од оние информации кои се јавно достапни може да се утврди дека до **мерката за помош на компании за исплата на плата во износ од 14.500 денари имале пристап 21.542 компании или пак 61% од планираниот број на компании**. Колкав е бројот на вработени кои имале бенефит од оваа мерка и колку средства се потрошени за нејзиното спроведување нема достапна информација. (види табела 1).

- **помош од 14.500 денари за плата месечно за спортисти**, Според листа на исплатени средства објавена од Агенцијата за млади и спорт на 15 мај, **855 спортски работници аплицирале и добиле помош во износ од 180 илјади евра за месец април 2020 година**. Меѓутоа за оваа мерка нема јавно достапни податоци за тоа колкав е бројот на спортски работници кои имаат потреба од оваа мерка и колку средства се издвоени за нејзиното реализирање( види табела 1).

- **финансиска поддршка во износ од 14.500 денари за самостојни вршители на дејност**. **Од самостојните вршители на дејност, помош за месечна исплата на плата во износ од 14.500 денари добила 5.840 правни лица што за два месеци приближно би изнесувало 1.4 милиони евра.** Како и да е, од информациите кои се јавно достапни не може да се утврди дали Владата направила проценка на бројот на правни лица кои ќе имаат потреба од оваа мерка и колку средства се издвоени за спроведувањето на истата. (види табела 1).

- **<u>Бескаматни кредити</u> од кредитната линија ковид 1 добиле 738 компании во износ од 5.5 милиони евра, што претставува 40% од издвоениот износ на средства** со оваа кредитна линија и кредитната линија ковид 2. (види табела 1).

Како и да е на **нивото на спроведување на економските мерки и нивното влијание врз крајните корисници и економијата не може да се утврди** во целост заради следните причини: **разлики во податоците кои се презентираат**

**од страна на челните лица на одговорните институции, нецелосност на информациите кои се презентираат или пак немањето на податоци воопшто.**

- **Разликите во податоците кои се презентираат, најдобро можат да се илустрираат преку примерот на бројот на лица за кои е обезбедена помош за исплата на месечна плата  во износ од 14.500 денари**. Односно, на 06 мај министерот за економија Крешник Бекташи изјавува дека за оваа мерка аплицирале 19.000 компании[9], за три дена подоцна министерството за финансии за објави дека за оваа мерка се пријавени околу 24.000 компании[10] и истото за шест дена подоцна да објави дека аплицирале 16.546 компании.  Да  целата состојба стане поконфузна Владата на 10 мај објави дека кај 21.542[11] компании ќе легнат средства од оваа мерка за месец април.
- **Нецелосноста на информациите кои се презентираат во јавноста пак најдобро може да се илустрира преку изјавата за МИА на директорката на Агенцијата за вработување од 10 мај 2020 година**[12] која вели дека од 11 март до 30 април, 2020 година евидентирани се 8.160 невработени лица, а пак во истиот период се добиени 3.900 барања  за остварување на право на надоместок заради невработеност. Дополнително, на **официјалната страница на Facebook  на Агенцијата**  на 08 мај, објавено е дека до тој датум исплатен надоместок во случај на невработеност на 15.075 корисници во вредност од 2.4 милиони евра.

## ШТО ТРЕБА ДА НАПРАВИ ВЛАДАТА И ОСТАНАТИТЕ ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ?

- (1) на интернет страниците на одговорните институции да се објават направените проценки на кои се базира планираниот опфат на лица и потребните средства за секоја од економските мерки, како и (2) да развие и објави централна база на податоци во која на дневно ниво ќе се објавуваат информации за степенот на реализација, вклучително и буџетска, на секоја од економските мерки разделени по пол, како и од каде и колкав износ на средства се обезбедени за секоја од нив.

- да се (3) подготви и објави стратегија за краткорочно, среднорочно и долгорочно справување со последиците од пандемијата; да се спроведе (5) евалуација на секоја од економските мерки, и да се (6) објави анализа во

[9] Facebook статус на министерот за економија.
[10] https://finance.gov.mk/mk/node/8740
[11] Facebook статус на министерката за финансии.
[12] https://mia.mk/ovanovska-i-pokra-vonrednata-sosto-ba-ohrabruvaat-podatocite-na-rabotodavachite-za-slobodni-rabotni-mesta/?fbclid=IwAR0wE9zWEGH6PhRwrYUKuGcC3Kl2K0csZOdOIHdiUloIYMACNEHjznOrNy0

која е проценето влијанието на економските мерки на краток, среден и долг рок.

- да се (7) објават записниците од спроведените консултации со експерти, комори, компании итн. со кои е разговарано за потребата и квалитетот на економските мерки; да се (8) објават проценките на финансиските капацитети на државата на кои се базирани одлуките за задолжување за спроведување на економските мерки; и (9) во соработка со Министерството за финансии да се објават информации за трансакциите направени со средствата обезбедени преку направени пренамени.

**Табела број 1.** *Компаративен приказ на планираниот наспрема реализираниот опфат на граѓани и компании и буџетски средства со првиот и вториот пакет на економски мерки за справување со COVID-19*

| Назив на мерка | Дали помошта е повратна или пак не? | Корисник | План | | Реализација | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Опфат | Буџет во ЕУР | Опфат | % | Буџет Во ЕУР | % |
| **I. Економски мерки со кои се обезбедува директна парична помош и поддршка на граѓани и компании** | | | | | | | | |
| **14.500 МКД месечно по вработен за април и мај** | Повратни | компании | 35.000 компании и 250.000 вработени | 117.886.179[13] | 21.542 компании Нема податок за број на вработени | 61 % | Нема податок | - |
| **14.500 МКД месечно за април и мај за спортисти и спортски работници** | Неповратни | клубови и национални спортски федерации | Нема податок | Нема податок | 855 | - | 361.151[14] | - |
| **14.500 МКД месечно за април и мај** | Неповратни | Самостојни уметници | 141 уметник | 66.488[15] | Нема податок | - | Нема податок | - |
| **Паричен надоместок за граѓани кои останале брз работа поради** | Неповратни | Невработени граѓани | Нема податок | Нема податок | Нема податок | - | Нема податок | - |

[13] износот е пресметан според проценките на Владата дека 250.000 работни места ќе бидат зачувани преку обезбедување на 14.500 МКД по вработен за два месеци.
[14] На 15 мај 2020 година Агенцијата за млади и спорт објави листа на лица на кои им е исплатен ваков вид на помош за месец Април. Во насока на пресметките, износот за мај е земен идентично како и оној април.
[15] износот е пресметан со множење на бројот на уметници и месечниот износ на помош.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **кризата или 50% од просечната месечна нето плата на работникот за последните 24 месеци, а во траење од 1 до 12 месеци.** | | | | | | | | |
| **1.000 МКД енергетски додаток** | Неповратни | корисници на социјална заштита | 30.000 | 975.610 евра[16] | Нема податок | - | Нема податок | - |
| **Бескаматни кредити** | Повратни | микро, мали и средни претпријатија | Нема податок | 13.700.000 евра | 738 | - | 5.495.935 евра | 40 % |
| **Евтини кредити** | Повратни | мали и средни претпријатија | Нема податок | 50.000.000 евра | Нема податок | - | Нема податок | - |
| **Финансиска поддршка во износ од 14.500 МКД за месец април и мај за самостојни вршители на дејност** | Повратни | Самостојни вршители на дејност | Нема податок | Нема податок | 5.840 | - | 1.376.910 евра[17] | - |
| **II. Помош и поддршка на компании и граѓани погодени од кризата со COVID-19 преку обезбедување на субвенции** | | | | | | | | |
| **50% од трошоците за придонеси за секој вработен** | Повратни | компании | Нема податок | Нема податок | Нема податок | - | Нема податок | - |
| **50% од трошоците за придонеси за вработените во секторите туризам, угостителството и транспортот** | Повратни | компании | Нема податок | Нема податок | Нема податок | - | Нема податок | - |

[16]Износот е добиен со множење на месечниот надоместок од 1000 МКД со периодот на исплата за 2 месеци со 30.000 лица планиран опфат.

[17] Износот е добиен со множење на бројот на поднесени барања заклучно до 08 мај 2020 година согласно изјавата на директорката на УЈП со месечниот износ на помош во износ од 14.500 денари.

| III. Останата помош и поддршка на компании и граѓани погодени од кризата со COVID-19 | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **14.500 МКД месечно за април и мај за избрани, именувани и назначени лица и 80% од платата исплатена во месец март за вонредни и ополномоштени и амбасадори и генерални конзули** | неповратни | Владата на РСМ | 1.165 функционери и 895 директори на втора линија буџетски корисници | 240 милиони денари | Нема податок | - | Нема податок | - |
| **Укинување на надоместоци на претседатели и членови на управни и надзорни одбори во времетраење на кризата** | неповратни | Влада на РСМ | Нема податок | Нема податок | Нема податок | - | Нема податок | - |
| **Формирање на солидарен фонд** | неповратни | Владата на РСМ | Нема податок | Нема податок | Нема податок | - | Нема податок | - |
| **50% намалување на авторските хонорари за лица кои се ангажирани од јавна институција а работат на друго место** | неповратни | Владата на РСМ | Нема податок | Нема податок | Нема податок | - | Нема податок | - |
| **Одложување на плаќање на царински давачки, ДДВ и акциза** | - | Увозни компании | Нема податок | Нема податок | Нема податок | - | Нема податок | - |
| **Реиздавање на акцизни одобренија и дозволи** | - | Корисници на етил алкохол на установите од јавното и приватното здравство како и на компаниите кои произведуваат | Нема податок | Нема податок | Нема податок | - | Нема податок | - |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | средства за дезинфекција. | | | | | | |
| **Укинување на царински давачки за увоз на потрошен медицински материјал, лекови и суровини за производство на медицинска опрема. Исто така, укинување на царина за замрзнато свинско месо заради стимулирање на домашното производство** | - | Увозни компании | Нема податок | Нема податок | Нема податок | - | Нема податок | - |
| **Запирање на закон за извршување** | - | граѓани | Нема податок | Нема податок | Нема податок | - | Нема податок | - |
| **Одложување на кредитите кај банките** | - | граѓани и компании | Нема податок | Нема податок | Нема податок | - | Нема податок | - |
| **Намалување на рата и репрограмирање на кредитите кај финансиските друштва и лизинг компаниите** | - | граѓани и компании | Нема податок | Нема податок | Нема податок | - | Нема податок | - |
| **Одложување на плаќање на закуп за социјални станови** | - | граѓани и компании | Нема податок | Нема податок | Нема податок | - | Нема податок | - |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ослободување то од плаќање на аконтациите на данок на добивка за правните лица кои вршат угостителска дејност, дејност на туризам или транспорт и други обврзници** | неповрат ни | компании | Нема податок | Нема податок | 1.344[18] | - | Нема подато к | - |

[18] Изјава на директорката на УЈП од 08 мај 2020 година: http://ujp.gov.mk/mk/javnost/soopstenija/pogledni/777

Овој документ е подготвен со кофинансирање од Европската Унија. Содржината на овој документ е во целосна одговорност на Здружението ЕСЕ и во ниту еден случај не го одразува ставовите на Европската Унија